***<u>Прекугранична соработка – Македонија/Косово</u>***

| ОПФАТ НА ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА | ПОТЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЦИ |
|---|---|
| **МАКЕДОНИЈА** | · Локална администрација;<br>· Регионални центри за развој и Регионални агенции за развој;<br>· Професионални здруженија;<br>· Стопански комори и други организации за поддршка на бизнисот;<br>· Јавни установи и организации на национално и локално ниво;<br>· Јавни претпријатија;<br>· Локални канцеларии за вработување;<br>· Универзитети, училишта, образовни и истражувачки центри;<br>· Центри за професионална обука;<br>· Национални паркови;<br>· Организации од граѓанското општество;<br>· Локални акциони групи. |
| ***Полошки регион***<br>(*Гостивар; Врапчиште, Маврово-Ростуше; Тетово; Боговиње; Брвеница; Желино; Јегуновце; и Теарце.*) | |
| ***Скопски регион***<br>(*Град Скопје; Арачиново; Чучер-Сандево; Илинден; Петровец; Сопиште; Студеничани; и Зелениково.*) | |
| ***Северо-источен регион***<br>(*Кратово; Крива Паланка; Куманово; Липково; Ранковце; и Старо Нагоричане.*) | |
| **КОСОВО** | |
| **Источен регион**<br>(*Гилане; Каменица; Урошевац; Качаник; Штрпце; Елезов Хан; и Витина.*) | |
| **Јужен регион**<br>(*Призрен; Сува река; Малишево; Мамуша, Раховец; Драгаш.*) | |
| **Централен регион**<br>(*Приштина; Липљан; Косово поле; Глоговац; Обилиќ; и Подуево.*) | |

***ОПШТАТА ЦЕЛ*** на прекуграничната соработка со Косово е е да се промовира соработката помеѓу луѓето, заедниците и институциите во пограничните области насочена кон зајакнување на економскиот развој и социјалната кохезија, проследени со заштита на животната средина и промоција на одржливиот развој.

| СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ | ПРИОРИТЕТНИ ОСКИ |
|---|---|
| · Унапредување на економскиот развој на програмската област преку олеснување на трговијата и економската валоризација на туристичките и културните потенцијали. | · **Приоритетна оска 1**<br>Економски и социјален развој и промоција на природните и културните ресурси<br>*Преку оваа оска се опфаќаат голема група на потенцијални проекти во најразлични сектори. Оската ја отсликува трансферзалната природа на прекуграничната соработка и намерно е отворена за повеќе чинители кои се веќе* |
| · Поддршка на иницијативи и акции насочени кон заштита на животната средина и одржливо користење на природните | |

| | |
|---|---|
| ресурси. | *активни, или пак би можеле да развијат нови иницијативи за соработка.* |
| · Промоција на социјалната кохезија преку охрабрување на соработка помеѓу граѓаните и заедниците во партерства кои се случуваат на двете страни на границата. | |
| · Зајакнување на капацитетите на националните и заедничките структури за управување со прекуграничните програми и обезбедување на техничка експертиза за надворешна програмска евалуација. | · **Приоритетна оска 2**<br>Техничка помош<br>*Преку оваа оска се поддржува востановувањето на ефикасен систем за управување и следење на имплементацијата на програмата, како и зајакнувањето на капацитетите на сите локални учесници во дефинирањето и спроведувањето на проектите.* |
| · Подигање на свеста за можностите за финансирање од Прекуграничната соработка во ИПА 1. | |
| · Зајакнување на капацитетите на потенцијалните корисници за подготовка и имплементирање на проекти. | |

***<u>Прекугранична соработка – Македонија/Грција</u>***

| ОПФАТ НА ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА | ПОТЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЦИ |
|---|---|
| **МАКЕДОНИЈА** | · Национални, регионални и локални јавни власти;<br>· Тела кои работат и/или се основани согласно јавното право и притоа се финансираат од јавните власти и се под нивни директен надзор, односно нивните управни органи се именувани од нив;<br>· Организации кои работат и/или се основани согласно приватното право и притоа немаат комерцијален карактер и активности, не распределуваат добивка и биле основани и активни барем една година пред објавувањето на повикот.<br>· Меѓународни организации востановени согласно меѓународни договори или тела во рамки на меѓународни организации. |
| ***Пелагониски регион*** *(Битола)* | |
| ***Вардарски регион*** *(Гевгелија)* | |
| ***Југоисточен регион*** *(Струмица)* | |
| ***Југозападен регион*** *(Охрид)* | |
| **ГРЦИЈА** | |
| ***Западна Македонија*** *(Лерин)* | |
| ***Централна Македонија*** *(Пела; Кукуш; Серес; Солун)* | |

***ОПШТАТА ЦЕЛ*** на прекуграничната соработка со Грција е да ја зајакне конвергенцијата на програмската област преку промоција на одржлив локален развој.

| СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ | ПРИОРИТЕТНИ ОСКИ |
|---|---|
| · Поддршка на интервенции кои го олеснуваат развојот на економски активности во пограничните региони преку користење на постоечкиот потенцијал и новите можности. | · **Приоритетна оска 1** Зајакнување на прекуграничниот економски развој *Оваа оска е насочена кон промоција на одржливиот економски развој преку заеднички интервенции кои ги олеснуваат прекуграничните односи.* |
| · Поддршка на интервенции кои ги зајакнуваат професионалните вештини на локалното население и на тој начин помагаат во справувањето со проблемите со невработеноста и миграцијата. | |
| · Поддршка на заеднички прекугранични акции за промоција на одржливиот туризам. | |
| · Поддршка на интервенции насочени кон заштитата на јавното здравје, намалување на влијанието врз здравствените услуги и опременоста на установите кои се оддалечени од големите центри и длабоко во пограничниот регион. | |
| · Поддршка на интервенции кои ја заштитуваат животната средина и го ублажуваат влијанието од економскиот развој. | · **Приоритетна оска 2** Зајакнување на заштитата на природните богатства и културното наследство во програмската област *Преку оваа оска промовираат заеднички акции за заштита на природата и културата и мобилизирање на природните и културните добра.* |
| · Поддршка на интервенции кои ги заштитуваат и мобилизираат природните и културните добра како начин за обезбедување на одржлив развој. | |
| · | · **Приоритетна оска 3** Техничка помош *Преку оваа оска се промовира непречената промоција на соработката на највисоко ниво во програмската област.* |

***Прекугранична соработка – Македонија/Бугарија***

| ОПФАТ НА ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА | ПОТЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЦИ |
|---|---|
| **МАКЕДОНИЈА**<br>***Североисточен регион*** *(Куманово; Кратово; Крива Паланка; Ранковце; Липково; Старо Нагоричане)*<br>***Југоисточен регион*** *(Струмица; Валандово; Гевгелија; Богданци; Радовиш; Конче; Василево; Ново Село)*<br>***Источен регион*** *(Берово; Делчево; Пехчево; Кочани; Штип; Карбинци; Македонска Каменица; Чешиново-Облешево; Виница; Зрновци)*<br>**БУГАРИЈА**<br>***Благоевградски дистрикт*** *(Банско; Белица; Благоевград; Гоце Делчев; Гармен; Кресна; Петрич; Разлог; Сандански; Сатовча; Симитли; Струмјани; Хаџидимово; Јакоруда)*<br>***Ќустендилски дистрикт*** *(Бобовдол; Бобово; Дупница; Ќустендил; Сапарева Бања; Рила; Треклиано)* | · Локални, регионални и национални власти, или пак организациони делови во рамките на истите, ако истите имаат својство на правни лица.<br>· Национални и регионални агенции;<br>· Управи на заштитени подрачја;<br>· Локални или регионални директорати на шумарските стопанства;<br>· Здравствени установи;<br>· Културни институции;<br>· Локални центри;<br>· Регионални агенции за вработување;<br>· НВО и непрофитни организации и организации за подршка на бизнисите, за развој на ИКТ и за регионален развој, односно истражувачки и развојни центри, асоцијации на работодавачи, синдикати и други јавни и други агенции и асоцијации;<br>· Образовни институции;<br>· Еврорегиони;<br>· Меѓународни организации. |

***ОПШТАТА ЦЕЛ*** на прекуграничната соработка со Бугарија е одржлив економски развој во прекуграничниот регион како поддршка на поширoката европска соработка и напорите за интеграција.

| СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ | ПРИОРИТЕТНИ ОСКИ |
|---|---|
| **Поддршка на одржливиот економски развој во пограничниот регион**<br>· Диверзификација на тековните економски активности, поддршка на регионот во насока на негова економска еволуција и зајакнување на животниот стандард;<br>· Развој на нови вредности;<br>· Поддршка за соработка при истражување и развој; | · **Приоритетна оска 1**<br>Економски развој и социјална кохезија<br>**Области на интервенција**<br>**1. Економски развој**<br>**2. Социјална кохезија**<br>**3. Подготовка на проекти** |

| | |
|---|---|
| · Економско поврзување во кластери и друга деловна поддршка;<br>· Поддршка на нови технологии и иновации. | |
| **Промоција на социјална кохезија и прекугранична соработка**<br>· Инвестиции во развој на човечки ресурси;<br>· Акции од луѓето за луѓето;<br>· Иницијативи за пазарот на труд;<br>· Културни размени;<br>· Поддршка за подигнување на способноста на работната сила согласно пазарните потреби;<br>· Прекугранични мрежи во сите сектори и на сите нивоа, вклучувајќи и такви за подготовка на заеднички проекти. | |
| **Натамошно подобрување и развој на атрактивноста и на квалитетот на животот во пограничниот регион**<br>· Балансиран регионален развој заснован на заштитата и правилната искористеност на природните и културните добра во регионот;<br>· Заштита на еколошката и културната различност;<br>· Поддршка за развој на туризмот заснован на соодветно и правилно искористување на природните и културните добра во регионот. | · **Приоритетна оска 2**<br>Подобрување на квалитетот на живот<br>**Области на интервенција**<br>**1. Користење на природните ресурси**<br>**2. Користење на културни ресурси** |
| | · **Priority Axis 3**<br>Техничка помош<br>**Обезбедување на ефективно програмско управување и проток на информации за техничката помош и нејзината цел да ја подобри соработката и алатките за управување.** |